**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

**Од СЕДМАТА седница на
Советот на Општина Гази Баба,
одржана на 24.12.2025 година**

**СКОПЈЕ, ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Седмата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 24.12.2025 година**

Седницата започна во 11:15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на советот на Општина Гази Баба, **Виктор Трпевски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјалите предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Шестата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Шестата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **27 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на совет - **Виктор Трпевски**:

За работата на седница на советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата **со следниот предлог за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-10079/2 од 23.12.2025 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**31.** Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје, за вршење на стручно - административни работи и издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка "31"** беше усвоен со **27 гласа "ЗА"**.

Претседателот на совет констатираше дека точката "31" е составен дел на предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **27 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2026 година;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2026 - 2027 година;
5. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2025 година;
6. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите;
7. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
8. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите;
9. Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје;
10. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година;
11. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата со новороденче или дете со старателство до една година, кои се со живеалиште на подрачјето на Општина Гази Баба;
12. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор;
13. Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година;
14. Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година;
15. Предлог - Програма за работа во областа на располагањето со градежно

земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година;
16. Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2026 година;
17. Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година;
18. Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2026 година;
19. Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година;
20. Предлог - Програма за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година;
21. Предлог - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година;
22. Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година;
23. Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година;
24. Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година;
25. Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2026 година;
26. Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година;
27. Предлог - Одлука за користење на средства од постојана и тековна резерва;
28. Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2026 година;
29. Предлог - План на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка во населено место Инџиково;
30. Предлог - Одлука за исплата на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, за надоместок на членовите на изборните органи за подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година; и
31. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје, за вршење на стручно - административни работи и издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.

Пред преминување на расправа и одлучување по точките од утврдениот дневен ред, беа соопштени ставовите на комисиите.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје - в.д директор Дени Милевски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавната чистота на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за**

**усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за одржување на јавното зеленило на јавните површини, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Програмата за водоснабдување на населените места во руралниот дел на Општина Гази Баба за 2026 година, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2026 - 2027 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Развојна Програма за капитални инвестиции за набавка на возила за оддржување на јавната чистота и зеленилото на јавните површини на подрачјето на Општина Гази Баба и реконструкција на витални објекти од значителна важност за ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за период 2026 - 2027 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување

на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за третото тримесечје од 2025 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Маја Никодиновска (Левица), Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), Макфире Исени (НАИ) и Влатко Ристовски (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, со **19 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **18 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување

на износот на надоместокот на трошоците за престој на деца што паѓа на товар на родителите, со **17 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за утврдување нормативи, мерила и критериуми за утврдување на надоместок - цена на услугите, што паѓа на товар на родителите во ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, со **17 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Владимир Бојанов (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Влатко Ристовски (Левица), Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), Дејан Боневски (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ), Гордана Јовиќ Стојковска (коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ) и Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од плаќање на месечен надомест за престој на децата во градинка за одредени категории на родители, за период до 31.12.2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**По паузата.**

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за еднократна парична помош на семејствата со новороденче или дете со старателство до една година, кои се со живеалиште на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество членот на советот - Маја Никодиновска (Левица).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за еднократна

парична помош на семејствата со новороденче или дете со старателство до една година, кои се со живеалиште на подрачјето на Општина Гази Баба, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за намера за реализација на проект со заем од Проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор (ПСЕЕП) и овластување за потпишување на Иницијален договор, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2025 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зеде учество претставникот од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје - в.д директор Дени Милевски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за одржување на комуналната чистота и реализација на проекти од комуналната инфраструктура, преку ангажирање на невработени лица за потребите на Општина Гази Баба за 2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа во областа на**

**располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2026 година, со **18 гласа "ЗА" и 9 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **25 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата **(со измените во текстот)** ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСУМНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта на Општина Гази Баба за 2026 година, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за улично осветлување на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Програма за јавни дејности на Општина**

**Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членот на советот - Маја Никодиновска (Левица) и претставникот од општинската администрација - Александар Трајковски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2026 година, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Горан Николовски (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за 2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Програма за заштита и спасување на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество членовите на советот: Маја Никодиновска (Левица) и Александар Вељановски (коалиција предводена од СДСМ), како и претставниците од општинската администрација - Ана Накева и Никола Јовановски.

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за заштита и спасување на Општина Гази Баба

за 2026 година, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Програма за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата локален економски развој на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА" и 8 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Буџет на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката.

Во расправата зедоа учество Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Макфире Исени (НАИ).

Претседателот на советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, со **19 гласа "ЗА", 4 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДВАЕСЕТ И СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за користење на средства од постојана и тековна резерва.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за користење на средства од постојана и тековна резерва, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на благајнички максимум за 2026 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор,

го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2026 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ДВАЕСЕТ И ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - План на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка во населено место Инџиково.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - За изградба на детска градинка во населено место Инџиково, со **27 гласа "ЗА"**.

**ТРИЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за исплата на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, за надоместок на членовите на изборните органи за подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2026 година, за надоместок на членовите на изборните органи за подготовка и спроведување на Локалните избори 2025 година, со **23 гласа "ЗА" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРИЕСЕТ И ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје, за вршење на стручно - административни работи и издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор.**

Претседателот на советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба, Град Скопје и општините во градот Скопје, за вршење на стручно - административни работи и издавање на одобрение за поставување на урбана опрема и одобрение за вршење дејност надвор од деловен простор, со **27 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на советот - Виктор Трпевски ја заклучи Седмата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:45** часот.

**Број 09-284/2**
**од 29.01.2026 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Виктор Трпевски**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот